Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-454/1
06.05.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-355/1 од 8.4.2025 година поднесена од ----- против ----- и -----, за извршена дискриминација врз основ на етничка припадност и расно профилирање, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното:

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на етничка припадност од страна на ----- и ----- врз -----.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-355 од 8.4.2025 година, од ----- во име на ----- за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност и расно профилирање од страна на ----- и -----.

Во претставката е наведено дека на 13.3.2025 година околу 19:45 часот, ----- вработен во ----- (во понатамошниот текст: -----) бил подложен на дополнителна царинска проверка при излез од царинската зона на Меѓународниот аеродром Скопје. Во однос на ова, во претставката се наведува дека во конкретниот случај се работи за селективно расно профилирање, практика при која царинските службеници избираат одредени лица за дополнителна проверка исклучиво или првенствено врз основа на нивната етничка припадност, но и боја на кожа како и лично име и презиме видливо од патната исправа на лицето при проверка од страна на царинскиот службеник, а не врз основа на објективни показатели на сомневање. Оттука, подносителот наведува дека ги констатирал следните факти кои укажуваат на постоење на дискриминација: лицата подложни на дополнителна царинска проверка биле со потемна боја на кожата, претежно припадници на ромската етничка заедница, додека патниците од македонска националност со светла боја на кожа биле пропуштани без дополнителна проверка. Поради претходно наведеното, подносителот на претставката смета дека ваквите околности воспоставуваат јасен компаратор – патниците од македонска националност кои биле во иста ситуација како и патниците Роми, сите патници кои заминувале од аеродромот со својот личен багаж и притоа поминувале низ царинската контрола, при што се наведува дека единствена разлика била нивната етничка припадност и боја на кожа.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во прилог на претставката се наведуваат и примери за лица кои се обратиле до ----- за селективно расно профилирање на царина, при што и во двата наведени случаи се истакнува дека станувало збор за припаднички на ромската етничка заедница кои биле единствени задржани за дополнителна царинска проверка на нивниот багаж, за разлика од останатите патници со кои патувале, а биле со македонска етничка припадност.

На крајот на претставката, подносителот се повикува на претходната дискриминаторска пракса во Република Северна Македонија следствено на што и била донесена пресуда од страна на Европскиот суд за човекови права за случајот Мемедова и други против Северна Македонија од 24 октомври 2023 година, со која судот утврдил дека апликантите Роми биле дискриминирани при граничните премини и Република Северна Македонија ги прекршила член 14 од Европската Конвенција за човекови права во врска со член 2 од Протоколот бр. 4 (слобода на движење).

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 23.4.2025 година испрати Известување бр. 08-355/2 за произнесување по наводите од претставката до -----. Дополнително на ова, до ----- беше испратено Известување за произнесување по наводите од претставката заведено под арх. бр. 08-355/3.

На ден 23.4.2025 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ----- како одговор на наводите истакнати во претставката за заштита од дискриминација, заведено под арх. 08-355/4.

Во произнесувањето се наведува дека од страна на ----- не се вршат царински контроли, ниту редовни, ниту дополнителни, па оттаму е нејасно зошто претставката е адресирана кон нив, истакнувајќи дека не постои пасивна легитимација. Во однос на претходното, се наведува дека ----- согласно нејзините обврски согласно законските прописи, врши царинска контрола преку царинските службеници кои се јавни службеници.

Во произнесувањето е дополително наведено дека ----- согласно склучениот договор за концесија со македонската влада, има овластување за управување со аеродромите во државата и освен поддршката која ја дава на надлежните институции за подобро спроведување на сите активности поврзани со опслужувањето на патниците, односно просторни и организациони мерки, нема никакви ингеренции во врска со самото спроведување на царинските проверки и контроли.

На ден 19.5.2025 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ----- како одговор на наводите истакнати во претставката за заштита од дискриминација, заведено под арх. 08-355/5. Во


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

произнесувањето се наведува дека од Дежурниот ----- центар при Секторот за контрола и истраги биле побарани да се обезбедат и достават снимки од видео надзорот за пријавениот настан кој се случил на 13.3.2025 година во наведеното време на Меѓународниот Аеродром Скопје во Отсекот за патнички промет, при што добиле информација дека согласно член 89 став 8 од Законот за лични податоци, видео записите од службените камери во ----- се чуваат најдолго до 30 дена на уредите за снимање на системот за видео надзор, така што не се во можност да ја утврдат фактичката состојба за пријавениот настан. Во продолжение се наведува дека од одговорниот раководител на ----- Меѓународен Аеродром Скопје биле побарани информации за настанот во смисла дали на наведеното лице му бил извршен службен преглед на наведениот датум и време, колку траел прегледот, кои биле критериумите и индикаторите од анализата на ризик за селектирање а наведеното лице, дали бил вршен личен и детален преглед на наведеното лице, на кој начин била водена комуникацијата со лицето, како се однесувало наведеното лице при дополнителниот преглед, што носело во својот багаж, дали бил користен скенер за утврдување на содржината на стоката која ја носело лицето во багажот, дали лицето носело некоја забранета или недозволена стока, дали му биле наплатени евентуално царински давачки со ЦДП со приложување на ЦДП и што било утврдено од деталниот преглед и дали по извршениот дополнителен преглед е изготвен Записник за детален преглед на лицето со приложување на истиот.

Оттука, како одговор на претходно цитираното барање, ----- на -----Меѓународен Аеродром Скопје известил како што следи:

*„Во врска со добиеното известување за произнесување по наоди за поднесена претставка поднесена до Комисија за спречување и заштита од дискриминација од 25.4.2025 година, а во врска со настан кој се случил на Меѓународниот Аеродром Скопје, Отсек за патнички промет на 13.3.2025 година во периодот од 19:45 часот, според која било селектирано лице од ромска национална припадност по име ----- од -----, кое било селектирано за дополнителна контрола – ве известуваме дека:*

*По проверка на систем на Полиција и споредби со наведеното време, најверојатно станува збор за контрола од страна на полициските службеници, бидејќи на патникот му е одобрен влез во државата во 20:09 часот од што произлегува дека не станува збор за царински преглед (во овие 24 минути истиот чекал пасошка контрола, а кои биле нивните критериуми и индикатори за анализа не ни се познати.)*

*Кај нас (во -----Меѓународен Аеродром Скопје) во наведеното време нема извршено преглед од страна на царински службеници на наведеното лице.“*

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата и дополнително прибавените изјави, Комисијата за спречување и заштита од


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ----- и ----- врз -----.

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Од горенаведеното образложение на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето за сторена дискриминација, при што во конкретниот случај, подносителот не докажал дека постои каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа – етничка припадност и дејствието кое се наведува како дискриминаторски третман од страна на -----. Оттука, во недостаток на докази кои би го сториле тврдењето на подносителот веројатно, а дополнително ценејќи го и образложението дадено во произнесувањето по наводите од претставката, Комисијата не може да утврди нееднаков третман кон подносителот на претставката врз основа на ромска етничка припадност.

Од извршениот увид во наводите на претставката и писмените произнесувања на наведените потенцијални дискриминатори, Комисијата не утврди дека при одлучувањето располага со доволно докази врз основа на кои би можело да се утврди дека е сторена дискриминација врз основа на расата и етничката припадност на подносителот во конкретниот случај. Оттука, иако подносителот укажува на селективно расно профилирање, за постоење на дискриминаторско постапување неопходно е постоење на конкретно дејство или пропуштање од страна на службените лица на -----, за што во овој случај изостанува физички доказ. Во оваа насока, имајќи ги предвид овластувањата на царинските службеници утврдени во Законот за -----, каде е регулирано правото на преглед на лица и багаж, согласно истакнатиот одговор и произнесување, за подносителот на претставката не постои службена евиденција, ниту пак е изготвен записник за детален преглед на подносителот.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став 1 од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk